ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 54**

**Скопје, 02.05.2017 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Вон. проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **50 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 04**

**РЕФЕРАТ**
за избор во наставник во сите наставно-научни звање по група предмети од областа на правните науки на Факултетот за правни науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје. Јелена Ристиќ

**Стр. 08**

**РЕФЕРАТ**
за избор на еден наставник во сите наставно-научни звање по група предмети од областа на сметководство на Факултетот за деловна економија и организациони науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје. Душица Стевчевска

**Р Е Ф Е Р А Т**

**РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ЗА ОБЛАСТА НА ПРАВНИТЕ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр.15-363/3 од 21.04.2017 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник по група предмети во областа на правните науки на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Утрински“, на ден 22.03.2017, а во предвидениот рок се пријави:

- *Д-р Јелена Ристиќ*

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки да му го поднесеме следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

## *Биографски податоци*

Д-р Јелена Ристиќ е родена на 15.06.1981 година во Скопје. Средното образование го започнува во ДСУ “Раде Јовчевски Корчагин” во Скопје, а го завршува во ДСУ “Вејн Трејс” во Охајо, САД. Дипломира на Правниот факултет “Јустинијан Први” при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”- Скопје во 2005 година, со просечен успех 8,00, со што се стекнува со назив дипломиран правник. Своето образование го продолжува на постдипломските студии по меѓународно право и меѓународна политика, насока меѓународно право на Правниот факултет “Јустинијан Први” при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”- Скопје, каде што во 2013 година магистрира на тема “Принципот на заштита на човековите слободи и права во јуриспруденцијата на Европскиот суд на правдата”, со просечен успех 9,57, со што се стекнува со назив магистер на правни науки. Истата година се запишува на докторски студии на Правниот факултет “Јустинијан Први” при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”- Скопје, каде што во јуни 2016 година успешно ја одбранува докторската дисертација на тема “Правото на интелектуална сопственост и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права” и се стекнува со назив доктор на правни науки.

Работното искуство на кандидатката вклучува десетгодишно работно искуство во разни меѓународни и национални организации и институции. Имено, кандидатката се стекнува со работно искуство во неколку меѓународни организации и инстутиции, меѓу кои и Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД), Американската адвокатска комора Централна европска и евроазиска иницијатива за правото (АБА ЦЕЕЛИ), Европскиот суд за човекови права во Стразбур и Американската адвокатска комора Иницијатива за владеење на правото (АБА РОЛИ). Во однос на работното искуство во национални организации и институции, неколку години работи како Извршен директор на Адвокатската комора на Република Македонија, а определен период и како Раководител на проект поддржан од Британската амбасада - Скопје, во рамки на Центарот за правни истражувања и анализи - Скопје. Во моментот работи како адвокат.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Јелена Ристиќ од 2016 година е ангажирана на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, како наставник по клиничка настава. Имено, со Одлука за стекнување на статус на истакнат стручњак од практиката бр. 15-1643/3 од 23.09.2016 година, д-р Јелена Ристиќ е именувана како истракнат стручњак од практиката и е вклучена во наставниот процес на Факултетот за правни науки. Во рамки на наставата на првиот циклус студии во улога на гостин предавач била вклучена по предметите Меѓународно приватно право и Меѓународни човекови права, додека на вториот циклус на студиите по правосудна насока, изведува настава по предметите: Казнено право – практични примери и Казнено процесно право – практични примери. Во текот на работниот ангажман на факултетот се води по наставната филозофија на универзитетот во насока да ги обезбеди студентите со солидна интелектуална и академска основа која ќе биде поддршка за развој на нивните специфични вештини, професионално однесување и етички вредности. Во текот на наставата применува холистички пристап кој подразбира интеграција на теорија и практична апликација на истата. Наставата ја креира во насока на развој на апликативни проекти од студентите, со цел да ги развие индивидуалните вештини за критичко и истражувачко размислување. По извршена евалуација од страна на студентите, кандидатката д-р Јелена Ристиќ има позитивна оценка од 98 проценти (од вкупно 100).

Д-р Јелена Ристиќ ги има објавено следните научни трудови за целиот период до изборот, а за последните пет години:

-Ristik, Jelena, ***The Future of the Nation-State in the Era of Globalization***, *in* Proceedings from the International Scientific Conference IDENTITY IN THE ERA OF GLOBALIZATION AND EUROPENIZATION 3-4 November 2011, Skopje, Republic of Macedonia, Ss. Cyril and Methodius University-Skopje, Institute for sociological, political and juridical research and Institute of sociology, Faculty of Philosophy, 2012

**-**Ристиќ, Јелена, ***Заштита на правото на интелектуална сопственост пред Европскиот суд за човекови права***, *во* Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ, 11-13 септември 2014, Штип, Република Македонија, Универзитет “Гоце Делчев” - Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Вол. 1, Право, 2014

-Ристиќ, Јелена, ***Третман на интелектуалната сопственост во меѓународните и европските инструменти за човекови права,*** *во* Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ, 4-5 септември 2015, Штип, Република Македонија, Универзитет “Гоце Делчев” - Штип, Правен факултет, Центар за правно-политички истражувања, Штип, Република Македонија; Државен универзитет во Воронеж, Правен факултет, Воронеж, Русија; Универзитет во Лиеж, Факултет за право, политички науки и криминологија, Лиеж, Белгија, Вол.1, Право, 2015

-Ristik, Jelena, ***Right to Property: from Magna Carta to the European Convention on Human Rights***, *in* International Journal SEEU Review, Special Edition, Magna Carta 800$^{th}$, Volume 11, Issue 1, 2015 (presented at the

International Scientific Conference "To no one will we sell, to no one deny or delay right or justice" - the legacy of Magna Carta 2015 for the Western Balkans 17 June 2015, Tetovo, Republic of Macedonia, South East European University, Faculty of Law; Max Van Der Stoel Research Institute; British Embassy in RM, French Embassy in RM, USA Embassy in RM and Ministry of Justice of RM)

-Ristik, Jelena, ***Models of Approach of the European Court of Human Rights to the Intellectual Property Protection Disputes****, in* International Scientific Journal Annual of the Institute for sociological, political and juridical research, Year XXXIX, Number 4, 2015

**Конфереции, семинари и едукативни активности**

**-**Семинар за Европска унија и европски правни реформи, организирани од Универзитетот "Џон Хопкинс" од САД, Фондацијата "Рокфелер", Универзитетот во Болоња и Универзитетот во Белград, 2005;

**-**Семинар за Напредни комуникациски вештини, организирани од Стејт департментот на САД и Регионалните канцеларии во Франкфурт и Виена, 2005;

**-**Разни семинари за Европската конвенција за човекови права, организирани од ОБСЕ, Совет на Европа и МЗМП, 2005-2008;

**-**Разни семинари за бројни правни области (граѓанско право, кривично право, стопанско право, меѓународно право и други), организирани од Адвокатска комора на РМ, 2008-2012

**-**Разни обуки од областа на казненото право, организирани од Американската адвокатска комора, Амбасадата на САД, Академијата за судии и обвинители, Здружението на јавни обвинители и Адвокатската комора на РМ, 2012-2016

**-**Разни меѓународни и национални стручни конференции за бројни правни теми, организирани од разни меѓународни и национални институции и организации, како и академски институции, 2005-2017

***Општествена дејност***

Д-р Јелена Ристиќ е претседател на Здружението на граѓани Институт за правни и политички истражувања Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Јелена Ристиќ и одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно - истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Јелена Ристиќ ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да го избере во звање *насловен доцент* по група предмети од областа на правните науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вон. Проф. д-р Марко Андонов,
Универзитет Американ колеџ Скопје

Доц. д-р Марина Андева,
Универзитет Американ колеџ Скопје

Доц. д-р Кате Трајкова,
Универзитет Американ колеџ Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ЗА ОБЛАСТА НА СМЕТКОВОДСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр.14-362/3 од 21.04.2017 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 21.04.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за област сметководство на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Утрински", на ден 22.03.2017, а во предвидениот рок се пријави кандидатката:

- *Д-р Душица Стевчевска-Србиноска*

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

### *Биографски податоци*

Д-р Душица Стевчевска-Србиноска е родена на 07.05.1982 во Скопје. Основно училиште завршува во Скопје. Средно образование завршува со одличен успех и просек од 5.00 во јазичната гимназија Јосип Броз-Тито во Скопје, во рамки на кое едно полугодие учествува во меѓународна размена на ученици во американската гимназија Community High School od Ann Arbor, Michigan. Во 2004 година, дипломира на Американскиот Универзитет во Бугарија, насока Деловна администрација. При дипломорањето добива признание за најдобар студент на генерацијата 2004 на Универзитетот поради остварен просек од 3.98 (скала 0-4).

Во 2002 година во Прага, Чешка Република, во рамките на програмата AIPES-American Institute for Political and Economic Studies Душица С. Србиноска го завршува летниот универзитет во организација на американскиот универзитет Northwestern University и Прашкиот Карлов Универзитет насочен кон проучувањето на светските политички и економски системи и организацијата на американската влада. Во 2003 година го завршува летниот универзитет на американскиот Georgetown University vo Dubrovnik во Дубровник, Хрватска. Програмата ја опфаќа културно-историската поставеност на Јадранскиот регион од средниот век па се до денес, како и политичко-економските начела во изградбата на поранешна Југославија, а соодветно на тоа и причините за распадот на Федерацијата.

Во 2005 година се запишува на постдипломските студии на Економски Институт-Скопје, насока Финансиски менаџмент и во 2007 година, по завршувањето на предвидените испити со средна оценка 9.33, го брани магистерскиот труд под наслов: Спојувањата и преземањата како начин за унапредување на претпријатието. На Економскиот Институт-Скопје во јули 2010 година, успешно го брани докторскиот труд под наслов: Стратешката

интеграција на компаниите како фактор за успешноста на спојувањата и преземањата.

Во 2004 година, по дипломирањето д-р Србиноска се вработува во ревизорската куќа ПрицеЊатрехоусеЦооперс дооел Скопје како помлад ревизор. Во 2007 година, веднаш по основањето на Вип оператор дооел Скопје, започнува да работи како контролор и Финансов аналитичар за маркетинг, продажба, деловно планирање и анализа на претпријатието. Во рамки на Вип оператор ја реализраше и функцијата Проектен менаџер за проектот Value Based Sales со кој се воведе едуциран пристап кон односот со постојните клиенти прекуанализа на нивното однесување, како и изработка на понуда согласно потребите на индивидуалниот потрошувач ширум продажната мрежа на друштвото. Континуирано активно учествува на конференции, семинари и стручни обуки во земјата и странство.

Покрај професионалните квалификации, д-р Србиноска одлично говори и е овластен судски преведувач за англиски и француски јазик, а флуентно се служи со шпански, српско-хрватски и бугарски јазик. За потребите на работата и истражувањата ги владее SAP и Microsoft Office.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во доменот на наставно-образовната дејност, пред дипломирањето Душица Стевчевска-Србиноска беше ангажирана како тутор по француски јазик и граматика, но и како демонстратор по управувачко сметководство на Американскиот Универзитет во Бугарија. Од 2016 година е назначена за надворешен соработник (истакнат стручњак од практиката) на Универзитетот Американ Колеџ Скопје каде предава повеќе предмети во рамки на постдипломските студии организирани на Факултетот за деловна економија и организациони науки. Во периодот 2016-2017 година наставниот фокус и е поставен врз предметите финансиско известување и анализа на финасиски извештаи, политика на цени, сметководство на трошоци, како и студии на случај во сметководството и ревизијата, при што во најголем дел наставата, вежбите, проектите и анализите на случаи се изведени на англиски јазик. Резултатите од спроведената евалуација за академската 2015/2016 година покажуваат позитивна оценка за наставно-образовната дејност на д-р Душица Стевчевска-Србиноска и тоа резултат од 95 проценти студентска евалуација (од вкупно 100).

Д-р Србиноска е автор на следните научни трудови:

Srbinoska, D.S., & Smokvarski, E. (2016). Post-merger integration approaches: Case analysis of the one.Vip Macedonia merger. Asian Journal of Finance & Accounting, Macrothink Institute, Vol. 8, No. 2, p. 228-238. ISSN 1946-052X.

Srbinoska, D.S. (2016). Insight on Audit Efficiency in the Macedonian Insurance Market, Asian Journal of Science and Technology, Vol.7, Issue 10, p. 3614-3619, ISSN 0976-3376.

Srbinoska, D.S. (2016). The Strategic Integration of Enterprises as Determinant of Merger and Acquisition Success. International Journal of Accounting and Financial Reporting, Macrothink Institute, Vol. 6, No. 2, p. 190-216. ISSN 2162-3082.

Srbinoska, D.S. (2016). Due diligence driving the Success of Mergers and Acquisitions in Macedonia. International Journal of Accounting and Financial Reporting, Macrothink Institute, Vol. 6, No. 2, p. 1-14. ISSN 2162-3082.

Du{ica Stev~evska-Srbinoska (2016). Revizija na osiguritelnite dru{tva, *Osiguruvawe, Spisanie za teorija i praksa vo osiguruvaweto*, Nacionalno Biro za osiguruvawe - Makedonija, br. 8, Str. 14-16, ISSN 1857-9671.

Du{ica Stev~evska-Srbinoska (2010). Strate{kata integracija na kompaniite kako faktor za uspe{nosta na spojuvawata i prezemawata, doktorski trud, str. 1-389.

Du{ica Stev~evska-Srbinoska (2007). Spojuvawata i prezemawata kako strategija za unapreduvawe na pretprijatieto, magisterski trud, str. 1-234.

Du{ica Stev~evska-Srbinoska (2007). Komentar na zakonot za za{tita na konkurencijata na Evropskata unija, Stru~no spisanie *Pravnik*, Zdru`enie na pravnicite na Republika Makedonija, br. 188, dekemvri 2007. Str. 38-40.

Du{ica Stev~evska-Srbinoska (2007). Integracija pri spojuvawe i prezemawe, *Ekonomski razvoj* , Ekonomski institut-Skopje, 3(3). Str. 195-218.

Du{ica Stev~evska-Srbinoska (2007). Evropska regulativa po odnos na spojuvawa i prezemawa, Stru~no spisanie *Pravnik*, Zdru`enie na pravnicite na Republika Makedonija, br. 180, april 2007. Str. 6-11.

Du{ica Stev~evska-Srbinoska (2007). Pridobivkite od investiciskoto bankarstvo, *Ekonomski razvoj* , Ekonomski institut-Skopje, 1-2(3). Str. 189-212.

Du{ica Stev~evska-Srbinoska (2007). Vlijanieto na pojavata na spojuvawa, prezemawa i partnerstva vrz razvojot na MSP, *Pretpriemni{tvo-Problemi, dilemi i perspektivi*, Ekonomski institut-Skopje, Fakultet za biznis administracija-JIE Univerzitet-Tetovo, Agencija za promocija na pretpriemni{tvoto vo Republika Makedonija-Skopje, 1-2(3). Str. 189-212.

### *Општествена дејност*

Д-р Душица Стевчевска-Србиноска е сооснивач на здружението на граѓани ЕСПАМА чијашто главна активност е развивање на односите помеѓу Кралството Шпанија и Република Македонија во делот на образованието, културата, трговијата и поврзувањето на граѓаните и невладините здруженија од двете земји.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Душица Стевчевска-Србиноска одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката покажува постојан стручен и научен развој и е оформена во квалитетен универзитетски научник и наставник. Нејзината наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од нејзината научно - истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека д-р Душица Стевчевска-Србиноска ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да ја избере во звање *насловен доцент* по група предмети од областа на сметководство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Евица Делова
Универзитет Американ колеџ Скопје

проф. д-р Томе Неновски
Универзитет Американ колеџ Скопје

вон. проф. д-р Игор Величковски
Универзитет Американ колеџ Скопје

# BULLETIN

## OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

ISSN 1857-5323